# Најверни пријатели



На манифестацијата "Златна буба мара на популарноста", Тамара Тодевска го испеа својот актуелен хит, "Најверни пријатели". Изненадување за публиката беше дуетот со Влатко од "Морал", школски другар на Тамара, кому му е посветена песната. Тамара му подари песна на Влатко, а тој на неа - роза на сцената.

Младата пејачка ја доби наградата за најдобар албум за дебицедето "Сино", во продукција на Александар Масевски, кој беше награден за најдобар продуцент. Масевски вели дека е презадоволен од наградата: ем прв албум ем најдобар. Тој веќе размислува за вториот албум на својата ексклузивка. Наскоро ќе почнат да се снимаат првите песни, на македонски и на англиски јазик. Што се однесува до пробивањето на српскиот пазар, Масевски вели дека сé уште не им е исплатливо да ги препејуваат песните на српски.

***(М.Ц.)***
***Фото: В.Тануровски***